**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 октомври 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да си ги заземат своите места во салата.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Зоран Витанов, Јован Манасијевски, Верица Филипова, Владо Бучковски, Љубчо Георгиевски, Данаил Дончев, Али Ахмети, Теута Арифи и Абдуладиi Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутните пратеници во салата.

Во салата присуствуваат 77 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записникот од Петтата седница на Собранието ви е доставен.

Дали некој има забелешки на записникот? (Нема)

Констатирам дека Записникот од Петтата седница на Собранието е усвоен без забелешки.

Ве известувам дека Ванчо Каргов поднесе оставка на функцијата вицегувернер на Народна банка на Република Македонија.

Констатирам дека на господин Ванчо Каргов му престанува функцијата вицегувернер на Народната банка на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот на одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина, ЕУФОР, Алтеа.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија; Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија; Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на организацијата за безбедност и соработка во Европа; Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија; Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива; Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатлантската договорна организација и со Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Собранието на Западноевропската унија.

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Заради рационалност претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секоја од нив одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Трајко Вељановски.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Комисијата за прашања на избори и именувања, на седницата одржана на 3 октомври, ги донесе предложениве одлуки кои се доставени до Собранието на Република Македонија.

Неопходноста од ставањето на овие одлуки на денешната седница и нивно изгласување се состои во следново:

Прво, Собранието на Република Македонија ја донесе постојната и сега важечка Одлука за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија во некомплетен состав, затоа што коалицијата ДУИ-ПДП не ги достави предлозите за членство во овие комисии. Со оглед на тоа што во меѓувреме, пратеничката група на ДУИ-ПДП достави свои предлози за учество во комисиите, за делегирање од нивната пратеничка група, Комисијата за прашања на изборите и именувањата ја усвои оваа одлука во која е комплетиран целосно составот на комисиите. Со оглед на предлозите од сите пратенички групи, сметаме дека многу брзо треба, односно на

денешнава седница да се донесе оваа одлука, за да може комисиите на Собранието на Република Македонија во полн состав, со присуство на сите пратенички групи да одлучуваат.

Исто така, многу е битно за Република Македонија и Собранието денес да се донесат овие одлуки кои се однесуваат на соработката со меѓународни организации и тоа за соработка со ОБСЕ, едната одлука е за соработка на Република Македонија со ОБСЕ, НАТО, Интерпарламентарната Унија, Централноевропската иницијатива и Собранието на Западноевропската унија.

Во меѓувреме, доаѓаат одредени покани за да учествува Република Македонија односно Собранието и Делегацијата на Собранието на Република Македонија на одредени состаноци. Сметаме дека на денешнава седница треба да се усвојат овие одлуки за да можеме да учествуваме на тие состаноци за кои имаме покани од страна на сите овие меѓународни организации.

Затоа, предлагам овие одлуки да се стават на денешната седница и да се усвојат предложените одлуки.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави пратеникот Есад Рахиќ. Повелете.

**Есад Рахиќ:** Дозволете, имам една мала забелешка, доколку дозволите да кажам за првата точка за која сме согласни дека треба да се гласа и да се даде потврда, но во предлогот пишува во врска со членот 66 ставот 3 од Уставот на Република Македонија. Тука е направена техничка грешка, мислам дека е според член од Деловникот и сметам дека на самиот почеток како што направи господинот Трајко Вељановски, и министерот за одбрана требаше да даде образложение зошто е итноста, инаку нема ништо спорно. Веројатно во текот на дискусијата што ќе се отвори ќе каже зошто е тоа така, односно ќе ја образложи итноста.

**Љубиша Георгиевски:** Нема потреба да се образложува, барањето е да се свика итна седница.

(Реакција на пратеникот Јани Макрадули со зборовите: “Бидејќи има предлог за скратување на роковите, мора да се образложи итноста.”)

Нема проблем, јас го слушнав образложението на господинот Вељановски и тоа е тоа.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 87 пратеници, за гласале 85, воздржано 1, против 1.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија да се разгледана оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 82 пратеници, за гласале 82, воздржани и против нема.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на организацијата за безбедност и соработка во Европа да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 78 пратеници, за гласале 78, воздржани и против нема.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Процедурално има збор пратеникот Илинка Митрева.

**Илинка Митрева:** Благодарам претседателе.

Со оглед на фактот дека од денес сум активно вклучена во Франкофонската секција, јас би сакала претседателе да го прифатите моето повлекување од членство во Интерпарламентарната унија, кое подлегнува на процедура, меѓутоа, би сакала да го најавам денес.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, в ред.

Да го изгласаме предлогот, па нека се состане во меѓувреме Комисијата за да се покрене процедурата.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 86 пратеници, за гласале 85, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 82 пратеници, за гласале 81, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатлантската договорна организација да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 85 пратеници, за гласале 78, воздржани 3, против 4.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Собранието на Западноевропската унија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 85 пратеници, за гласале 85, воздржани и против нема.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 87 пратеници, за гласале 87, воздржани и против нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, на денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1.Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа;

2. Предлог на одлука за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

3. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија;

4. Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на организацијата за безбедност и соработка во Европа;

5. Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија;

6. Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива;

7. Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Северноатлантската договорна организација;

8. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Собранието на Западноевропската унија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 86 пратеници, за гласале 86, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Господинот Есад Рахиќ има збор.

**Есад Рахиќ:** Уште еднаш се извинувам претседателе, сакам да го прашам министерот Еленовски дали ќе ја образложи итноста и неопходноста од измената на Одлуката за да можам подоцна, по неговото излагање јас да кажам неколку збора, што јас и пратеничката група на СДСМ мисли за ова. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот за одбрана Еленовски.

**Лазар Еленовски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Сакам да му се заблагодарам на пратеникот Есад Рахиќ за прашањето.

Како што знаете, имајќи ја во предвид стратешката определба на Република Македонија за учество во операциите на мирот, Собранието на Република Македонија на седницата на 22 мај 2006 година донесе одлука за контрибуција на Република Македонија во операцијата Алтеа водена од Европската унија во координација со НАТО во Босна и Херцеговина.

Во таа насока ние декларираме состав од 17 лица и со хилихоптерски деташман од два хилихоптера и самиот состав беше упатен во мисија на 14 јули 2006 година. Потребата од промената на одлуката односно нејзиното дополнување со одлука за дополнување во составот од четири лица и тоа два офицери и еден подофицер и еден професионален војник е од реалноста што Белгискиот контигент во чии состав се наоѓа нашата мисија во Мостар се повлекоа до 31 октомври и во таа насока имајќи предвид дека треба персоналот кој што ќе биде

упатен да се дообучи, бидејќи опремата останува, тие треба да се дообучат во еден период до десетина дена, во таа насока сметаме дека, ние на седницата на Владата на 3 октомври ја донесовме оваа одлука, за едноставно нормално продолжување на мисијата до нејзиниот завршеток што е предвиден за 15 јануари. Така, самата одлука за дополнување во суштина е едноставно да ги покрие оние технички аспекти по повлекувањето на Белгискиот контигент. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Пратеникот Рахиќ Есад има збор.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре Еленовски.

Во согласност со стратешката определба што Република Македонија и Министерството за надворешни работи го имаа, ние го подржуваме тој став, со тоа што и во претходните 4 години додека СДСМ беше на власт, секогаш излегувавме во пресрет на барањата на нашите сратешки сојузници. Она што сакам да кажам, а верувам дека и во продолжени вие ќе кажете нешто повеќе за сите мисии каде што македонските вооружени формации учествуваат во носење на мир, ние како пратеничка група и јас лично сме подготвени да дадеме согласност. Меѓутоа, мислам дека е редно да проговориме некој збор, освен ова што кажавте дека е дополнување на мисијата АЛТЕЈА, ќе дојде многу брзо и смена на седмиот контигент во Ирак, Слобода за Ирак, каде што имаме 40 луѓе, ИСАД мисијата каде што имаме 115 луѓе и се вкупно за овие 174 најдобри амбасадори на Република Македонија да прозборуваме и да им дадеме поддршка во сите нивни напори. Она што сакам да кажам е дека, ова претпоставувам дека е влезено во ребалансот оваа година во Буџетот во Министерството за одбрана, затоа што изискува одредени финансиски средства, па само да напоменам дека само за мисијата ИСАД во Авганистан во периодот 2005-2006 година се потрошени околу 2 милиони и 800 илјади долари. За мисијата Слобода за Ирак во истиот период се потошени околу 5 милиони долари и во мисијата АЛТЕЈА се потрошени околу 500 илјади долари. Значи, фкупно финансиските трошоци и издатоци за овие наши мисии досега се некаде околу 8 милиони и 300 илјади. Она што мене ме интересира е една ваша изјава што пред неколку дена односно пред еден месец рековте дека постои подготвеност за испаќање на македонски војници во мисијата во Либан. Една добронамерна сугестија без оглед на тоа што исто припаѓаме во кругот на почитувачи на нашите стратешки партнери, сепак сметам дека треба да бидете малку повнимателни од два аспекти. Знаете дека трансформацијата на вооружените сили не е до крај завршена и не сум сигурен дека со капацитетот што го имаме можеме да одговориме на тоа. Исто така и за финансиските аспекти, што подоцна веројатно ќе се одразуваа на Буџетот на одбраната и верувам на Република Македонија. На крај, на сето тоа како една добронамерна сугестија и поддршката за сите мировни мисии што досега се, како и понатаму и овој пат вие ќе имате поддшка во делот на испраќањата на нашите војници во сите мировни мисии ширум светот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Агрон Буџаку повелете.

**Агрон Буџаку:** Почитуван господине Георгиевски, почитувани колеги пратеници,

Во рамките на заложбите и придонесот на Република Македонија која како држава, независна, самостојна држава и во познатите балкански околности за едно кратко време, благодарение на ангажманот, нашиот заеднички ангажман, но главно, имајќи го предвид фактот дека со самата позиција во Владата, ДУИ многу придонесе во однос на транформацијата на така како што е кажана од високи странски функционери, но и од стручњаци, внатрешни стручњаци од ова област. Значи, од еден корисник на разна помош и мисии, имајќи ги предвид и разните мисии кои биле во Македонија, било тие на НАТО или првата успешна мисија на Европската унија и Македонија се трансформира од еден потрошувач, во еден кој што придонесува, па мислам дека  оваа политика која во рамките на геостратешките развои и стратегијата на нашите партнери, било во војната против тероризмот или за новиот светски поредок, каде стабилноста и мирот се од големо значење во секоја земја во светот, бидејќи денешните околности на глобализација се такви, секој немир, метеж или нарушување, секоја војна во секој дел од светот може да влијае лошо во општата безбедност. Ја користам можноста од овој аспект во овој момент кога говориме за едно прашање во однос на безбедноста, во име на парламентарната група и од овој Парламент, од ова Собрание да ја казниме атомската проба на Северна Кореја која предизвика голема загриженсот во целиот свет. Мислиме дека атомското оружје е закана за цел свет. Така што, мислам и од овој Парламент треба да се осуди еден таков акт. Ние треба секогаш, иако од една страна дискусијата на господинот Рахиќ ја разбирам, но од друга страна, како што се кажа и од самиот господин Рахиќ дека со мојот придонес со толку војници и офицери во мисии, било за превенции во однос на конфликти, во разни конфликти и етаблрање на демократијата и воспоставување на еден стабилен мир во жешки региони во светот е од големо значење, бидејќи имајќи го предвид фактот дека Македонија е една мала држава на овој начин може да го зголемиме и престижот и реномето и значењето во меѓународната политика, не броејќи и колку долари се трошат за овие работи, затоа што некогаш овие работи или овој придонес не се мери со стотици илјади долари повеќе или повеќе. Од овој аспект треба да се поздрави ова и постојано ДУИ сега во коалиција со ПДП секогаш ќе подржува вакви мисии. Уште повеќе бидејќи во дадениов случај

се работи за една мисија на ЕУ, каде ние правиме заложби да се интегрираме во таа унија, уште повеќе кога се работи за една мисија која е во нашето сосество во Босна и Херцеговина, како и уште повеќе, имајќи го во вид фактот дека оваа мисија е заедничка. Со логистичка подршка на НАТО ние треба да го поздравиме ова и треба на еден начин да бидеме горди, иако ова не е за да бидеме толку горди, но од овој аспект е и треба да бидеме, бидејќи заедничките мисии на Европската унија и на НАТО или логистичката подршка на НАТО која е многу добар модел за иднината, затоа што во иднината не верувам во регионов, туку во другите региони ќе има секогаш потреба за вакви интервенции и вакви мисии. Секако, ова треба да го поздравиме, како што реков, треба да бидеме горди со ова, бидејќи една ваква успешна соработка меѓу Европската унија и НАТО имено беше во Македонија и во Македонија беше и првата успешна мисија во рамките на безбедноста и Европската унија. Мислам дека со оваа порака треба да се произнесеме дека овие мисии, од нас не се бара многу, но со толку колку што можеме и во иднина да ги подржиме, а сигурно и во име на парламентарната група на ДУИ и ПДП и овој пораст на мисијата или по Белгиското повлекување, сето ова се подржува и од наша страна. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Господинот Рахиќ Есад има реплика од три минути.

**Есад Рахиќ:** Само да појаснам што мислев со искажувањето на средствата што Македонија ги троши. Апсолутно се сложувам дека средствата се најмал проблем и дека за безбедноста на Република Македонија и на светот, треба да одвоиме ако треба и повеќе од овој наш секако мал Буџет што го имаме како Република Македонија. Меѓутоа, она што сакам да го кажам како подржка на министерот Еленовски да му го дадам во напорите што ги правеше овие денови, затоа треба да се спомне оваа ставка и се она што го правиме, дури и размислувањето дека треба да пратиме наши војници во Либан. Во Рига после неколку месеци ќе биде самитот на Нато. Јас знам дека таму нема да се зборувам за проширувањето, меѓутоа треба на нашите пријатели, на кои што ние на подаденат рака одговоривме со две пружени подадени раце, треба да им објасниме и да има кажеме дека наша желба и стратешко определување е да станеме што поскоро членка на НАТО. Само тоа ми беше идеата. Јас секако искрено и како што реков и во име на пратеничката група, имам намера секогаш да ги подржувам овие мисии. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 93 пратеници, за гласаа 93, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување  и дополнување на Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.

**Минувме на точката 2 - Предлог на одлука за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Бидејќи никој не се јави за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 81 пратеник, за гласале 81, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 3 - Предлог на одлука за допоолнување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на  Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Бидејќи никој не се јави за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 87 пратеници, за гласале 87, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 4 - Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на организацијата за безбедност и соработка во Европа**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не се јави за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 84 пратеници, за гласале 83, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на организацијата за безбедност и соработка во Европа.

**Минуваме на точката 5 - Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не се јави за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 84 пратеници, за гласале 83, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија.

**Минуваме на точката 6 - Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не се јави за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 85 пратеници, за гласале 84, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива.

**Минуваме на точката 7 - Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Северноатлантската договорна организација**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 84 пратеници, за гласале 83, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Северноатлантската договорна организација.

**Минуваме на точката 8 - Предлог на Одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Собранието на Западноевропската унија**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 86 пратеници, за гласале 83, воздржано 3, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Собранието на Западноевропската унија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 11,51 часот)